**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на
Општината Битола
излегува по потреба

**www.bitola.gov.mk**

**Број 4, година XLV**
**Среда, 02.04.2014**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на Претседател на Република Македонија

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на Претседател на Република Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 02.04.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-586/1
02.04.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 63/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/14), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 02.04.2014 година, донесе

### О Д Л У К А
### за измена и дополнување на Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на Претседател на Република Македонија

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на Претседател на Република Македонија („Службен гласник на Општината Битола” бр. 02/14), во насловот на Одлуката после зборовите Претседател на Република Македонија, се додаваат зборовите „и за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија“.

**Член 2**

Во членот 1 од Одлуката после зборовите Претседател на Република Македонија се додаваат зборовите „и за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија“.

**Член 3**

Во членот 3 став 1 се менува и гласи:

„Истакнувањето на изборните плакати за избор на Претседател на Република Македонија започнува на 24.03.2014 година, а за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија започнува од 05.04.2014 година“.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-06/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.04.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 02.04.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-586/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.04.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 82 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 63/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 02.04.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

**Член 1**

Во Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.02/14), членот 6 се менува и гласи:

„Користењето на просториите во месните заедници за одржување на предизборните собири за избор на Претседател на Република Македонија започнува од 24.03.2014 година, а за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија од 05.04.2014 година“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-06/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
02.04.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска



## С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на Претседател на Република Македонија ............. 77

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола ............................................ 78